**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Осумдесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 19 ноември 2007 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,35 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците кои не се во салата да влезат во салата наскоро продолжуваме со седницата.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата за да можеме да продолжиме со работа.

Дами и господа пратеници, продолжуваме по 80-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Али Ахмети, Фазли Велију, Садула Дураку, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Љубчо Георгиевски, Теута Арифи, Зоран Витанов, Светлана Јакимовска, Зумрете Јакупи, Абдулади Вејсели, Владо Бучковски и Лазар Китановски ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутни пратеници во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата затоа што наскоро ќе гласаме.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници).

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлужива.

Предлог закон за изменување и дополнување на Законот за издавање на вредносни бонови - ваучери.

Претресот по текстот на Предлогот на законот е заклучен.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за гласале 68, воздржано 1, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за издавање на вредносни бонови - ваучери.

Ја заклучувам 80-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пред да продолжиме со работа по следната седница ве молам за прекин од 15 минути, заради координација. Не, не заради регистрација, заради координација на пратеничките групи, знам дека се потпишавме. Благодарам.

(Седницата заврши во 11,55 часот)